# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Четврток, 18 мај 1989
Скопје
Број 21 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 2.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**355.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КОЗИ

Се прогласува Законот за одгледување на кози, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 мај 1989 година.

Бр. 08-1875
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КОЗИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на одгледување на кози.

Член 2

Кози можат да се одгледуваат ако потекнуваат од алпска, санска, тогенбуршка и други благородни раси и нивни крстоски, како и крстоски со други раси.

Одгледувањето на кози може да се врши во штала, ограден простор и со напасување.

Напасувањето на кози се врши под услов тие да бидат врзани или чувани.

Напасувањето на кози се врши на сопствено земјоделско земјиште и на земјоделско земјиште на кое постои право на користење.

Член 3

Не е дозволено одгледување, чување и напасување на кози во шуми и шумско земјиште.

Член 4

Надзор над спроведување на одредбите од овој закон вршат органите на управата надлежни за работите на земјоделската и шумарската инспекција.

Член 5

При вршењето на надзор општинските земјоделски и шумарски инспектори се должни и овластени да:

1. Утврдат дали козите потекнуваат од благородни раси или нивни крстоски, како и крстоски со други раси;

2. Вршат увид и контрола на местата и објектите каде што се одгледуваат, чуваат и напасуваат козите;

3. Утврдат дали напасувањето на козите се врши со врзување или чување; и

4. Утврдат дали напасувањето се врши на сопствено земјоделско земјиште или на земјоделско земјиште на кое постои право на користење.

Работната организација или друго правно лице и граѓаните се должни на земјоделскиот и шумарскиот инспектор да им овозможат вршење на надзор и да им даваат потребни податоци и известувања.

Член 6

Општинските земјоделски и шумарски инспектори, во вршењето на работите од член 5 став 1 на овој закон се должни да:

1. Наредат на сопственикот на козите во определен рок да ги заколе ако утврдат дека не потекнуваат од благородни раси и нивни крстоски, како и крстоски со други раси (член 2 став 1 од овој закон);

2. Наредат отстранување на козите ако тие не се одгледуваат, чуваат и напасуваат според член 2 ставовите 2 и 3 од овој закон; и

3. Наредат отстранување на козите ако утврдат дека напасувањето се врши спротивно на член 2 став 4 од овој закон.

Член 7

За извршениот инспекциски надзор земјоделскиот и шумарскиот инспектор составува записник во кој се определуваат мерките и дејствијата како и рокот за отстранување на недостатоците.

За извршувањето на мерките и дејствијата што произлегуваат од записникот од став 1 на овој член земјоделскиот и шумарскиот инспектор донесува решение во кое се определува и рокот за извршување на тие мерки.

Ако сопственикот не ги извршува мерките и дејствијата од став 2 на овој член земјоделскиот и шумарскиот инспектор донесува решение за забрана на одгледување на тие кози.

Доколку не се отстранат недостатоците во утврдениот рок земјоделскиот и шумарскиот инспектор ги известува надлежните органи на управата и поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 8

Со парична казна од 500.000 до 2.500.000 динари ќе се казни за прекршок работна организација или друго правно лице ако одгледува, чува или напасува кози во шума или шумско земјиште (член 3 од овој закон).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работна организација или друго правно лице со парична казна од 100.000 до 250.000 динари.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и физичко лице со парична казна од 100.000 до 250.000 динари.

За прекршок од став 1 од овој член се изречува и заштитна мерка одземање на козите.

Член 9

Со парична казна од 500.000 до 2.000.000 динари ќе се казни за прекршок работна организација или друго правно лице ако одгледува кози кои не потекнуваат од благородни раси и нивни крстоски, како и крстоски со други раси.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работна организација или друго правно лице со парична казна од 50.000 до 200.000 динари.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и физичко лице со парична казна од 100.000 до 250.000 динари.

Член 10

Со парична казна од 500.000 до 1.000.000 динари ќе се казни за прекршок работна организација или друго правно лице ако не постапи по решението на земјоделскиот или шумарскиот инспектор (член 7 став 2).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во работна организација или друго правно лице со парична казна од 100.000 до 250.000 динари.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и физичко лице со парична казна од 80.000 до 250.000 динари.

Член 11

На производството на приплодни кози, квалитетни приплодни и елитни приплодни грла, прометот на кози и прометот на концентрирана добиточна храна, како и на здравствената заштита на козите соодветно се применуваат прописите кои се однесуваат за унапредувањето и здравствената заштита на овците.

Член 12

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за забранување држење на кози („Службен весник на СРМ" бр. 16/65 и 51/88).

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**356.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 17 мај 1989 година.

Бр. 08-1862/1
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Законот за избор на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен весник на СРМ" број 16/74 и 7/89), по член 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

Кога Конференцијата при утврдувањето на кандидати за член на Претседателството спроведува непосредно изјаснување на работните луѓе и граѓаните, во постапката соодветно се применуваат одредбите од Законот за избор на членови на делегациите и за делегати во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 41/81 и 3/86), што се однесуваат на изјаснување на работните луѓе и граѓаните за избор на делегати во општествено-политичките собори на собранијата на општините".

Член 2

Во членот 6 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Кога се предложени само двајца кандидати, а ниту еден од нив не го добил потребното мнозинство гласови од став 1 на овој член, како и кога при повторното гласање за двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови од став 2 на овој член, гласањето се повторува уште еднаш за двајцата кандидати".

Во ставот 3 кој станува став 4 по зборовите: „повторното гласање" се додаваат зборовите: „од став 3 на овој член".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

**357.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНБЕНИ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за станбени односи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 17 мај 1989 година.

Бр. 08-1863/1
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНБЕНИ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ" број 36/73, 14/75 и 27/86) во членот 7 став 1 зборовите: „бара одобрение за" се заменуваат со зборот „врши".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Граѓанин кој има стан во сопственост може станот или дел од станот да го пренамени во деловен простор, доколку се исполнети минималните хигиено-технички услови за вршење на дејноста.

На граѓанинот од став 2 на овој член не може да му се даде стан во општествена сопственост".

Досегашниот став 3 се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**358.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 2 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 18 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Од натамошно издржување на изречената казна затвор целосно се ослободуваат осудените лица:

1. Јосифовски Миливој Раде од с. Славеј,
2. Милев Благој Коле од с. Подареш,
3. Велковски Младен Милорад, од с. Кучково,
4. Хаџи Петрушев Петре Богдан од Титов Велес,
5. Спасовски Спасо Тихомир од Скопје,
6. Јосифоски Миливој Зоре, од с. Славеј,
7. Трпевски Велко Ѓорѓија од Скопје.

II

Му се брише осудата на осуденото лице:

1. Младенов Славе Драги од Титов Велес.

III

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Витанов Стојан Васе од Струмица, во траење од 2 месеци,
2. Арсов Ангел Ване од Кочани, во траење од 2 месеци,
3. Мустафовски Бајрам Исмет од Свети Николе, во траење од 3 месеци,
4. Асани Арун Ибраим од с. Арачиново, во траење од 4 месеци,
5. Ангелов Ване Блажо од Делчево, во траење од 4 месеци,
6. Љумани Меди Сејфула од с. Крани, во траење од 4 месеци.

IV

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 2 години на осудените лица:

1. Веловиќ Ѓорѓи Живко од с. Кучевиште, во траење од 6 месеци,
2. Пецев Јордан Кирил од Струмица, во траење од 1 година и 6 месеци.

V

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 3 години на осудените лица:

1. Гугучевски Никола Пецо од Скопје, во траење од 3 месеци,
2. Мијовиќ Јован Александар од Скопје, во траење од 6 месеци,
3. Павловски Павле Илија од Скопје, во траење од 6 месеци.

VI

Од натамошно издржување на изречената казна затвор делумно се ослободуваат осудените лица:

1. Лазам Елез Јетиш од с. Црн врв, во траење од 3 месеци,
2. Величков Киро Ванчо од Кочани, во траење од 4 месеци,
3. Бујаровски Арсе Илија од Охрид, во траење од 6 месеци,
4. Јовановски Стојче Николче од Гевгелија, во траење од 6 месеци,
5. Бачев Никола Владимир од Титов Велес, во траење од 6 месеци,
6. Китанов Марко Методија од с. Јакимово, во траење од 6 месеци.
7. Каровчевиќ Владимир Стоилко од с. Кучевиште, во траење од 9 месеци,
8. Вучкова Петар Марија од Радовиш, во траење од 1 година.

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-530
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**359.**

Врз основа на член 440 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ДА СЕ ПРИСТАПИ КОН ИЗМЕНА НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се усвојува Предлогот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1873
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**360.**

Врз основа на член 441 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница на сите собори, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Нацртот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија ќе трае до 16 јуни 1989 година.

2. Нацртот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, со образложението, ќе се објави во „Делегатскиот информатор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија" и во средствата за јавно информирање.

3. Заедно со Нацртот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и образложението, во „Делегатскиот информатор" ќе се објави и излагањето на претседателот на Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија по Предлогот да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и по Текстот на нацртот на амандманот LVI, ставовите на Општествено-политичкиот собор, утврдени на седницата од 16 мај 1989 година, како и предлозите и мислењата на работните тела на Собранието и на соборите и на органите и организациите во Републиката по Текстот на нацртот на амандманот LVI.

4. Јавната дискусија по Нацртот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Маке-

донија ќе ја организира и води Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и резултатите од јавната дискусија ќе ги достави до Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Работните луѓе и граѓаните и другите учесници во јавната дискусија можат своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија да ги доставуваат и непосредно до Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

5. Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да ја следи јавната дискусија по Нацртот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, да ги разгледа сите забелешки, предлози и сугестии дадени во јавната дискусија и сите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманот LVI изнесени на седниците на работните тела на Собранието и на соборите, по нив да заземе став и најдоцна десет дена по завршувањето на јавната дискусија да подготви и на Собранието да му достави извештај за резултатите од јавната дискусија по Нацртот на амандманот LVI и Текстот на предлогот на амандманот LVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

6. Овие заклучоци да се објават во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1874
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**361.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност, што ја донесе Републичката заедница на научно-истражувачката дејност, на седницата одржана на 5 мај 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1880
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**362.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/85 и 7/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествените и услужните дејности на седницата одржана на 4 мај 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1878
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**363.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електроенергијата, електроиндустријата, металната и графичката индустрија и сообраќај и врски на седницата одржана на 4 мај 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1879
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**364.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија,

индустријата на тутун и прехранбената индустрија, на седницата одржана на 4 мај 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1877
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**365.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударството, металургијата, градежништвото и градежната индустрија, хемиската и текстилната индустрија и индустријата за чевли, кожа и гума на седницата одржана на 4 мај 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1876
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**366.**

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА САМОУПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО И РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ДОХОДОТ И ЧИСТИОТ ДОХОД И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

1 Се усвојува Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија.

2. Се овластува Мемед Нурединоски, претседател на Одборот за општествено-економски односи, развојна политика, финансирање и буџет на Општествено-политичкиот собор од името на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да го потпише Општествениот договор.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1882/1
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**367.**

Врз основа на член 114 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87 и 4/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1881
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**368.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ВИШАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ШКОЛА ВО СТРУМИЦА

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување директор на Вишата земјоделска школа во Струмица, се именуваат:

Трајко Стојанов, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, технички раководител во РО „Ј. Јосифовски — Свештарот" ООЗР „Трговија" — Струмица, и

Ѓулистана Јумеровска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1904
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**369.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за изготвување Предлог за именување декан на Градежниот факултет во Скопје, се именуваат:

Томислав Папеш, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Михајло Георгиевски, секретар на Претседателството на Општинскиот совет на ССМ „Карпош" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1906
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**370.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ПРИЛЕП

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп, се именуваат:

Сотир Ѓорѓиоски, директор на Стопанската банка — Основна банка — Прилеп, и

Мемед Нурединоски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1905
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**371.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 17 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО — ОХРИД

За членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, се именуваат:

Јане Ангелоски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на ЗОИЛ Филијала Охрид, и

Митко Ристески, член на Општинскиот синдикален совет — Охрид, раководител на хотел „Парк" — Инекс — „Горица" — Охрид.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1903
17 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**372.**

Врз основа на член 68 став 3 од Законот за здравствена заштита на животните („Службен весник на СРМ" бр. 30/77, 39/77, 41/78, 28/87 и 51/88), Извршниот совет донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТАКСАТА ЗА УВЕРЕНИЕТО ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНО САНИТАРНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ ПРЕГЛЕДИ

1. Во Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи („Службен весник на СРМ" бр. 25/87), во Тарифата за висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи, во дел I се вршат следниве изменувања и дополнувања:

Во точката 1 по зборот „бивол" се додава зборот „магаре", а износот „400.00" се заменува со износот „15.000".

Точката 2 се менува и гласи: „ждребе, теле, биволче и прле до шест месеци — 6.000".

Во точката 3 износот „200,00" се заменува со износот „4.000".

Во точката 4 износот „80,00" се заменува со износот „2.000".

Во точката 5 износот „160,00" се заменува со износот „2.500".

Во точката 6 износот „80,00" се заменува со износот „2.000".

Во точката 7 износот „4,00" се заменува со износот „100".

Во точката 8 износот „1,20" се заменува со износот „50".

Во точката 9 износот „15,00" се заменува со износот „2.000".

Точката 10 се менува и гласи:

„10) висока дивеч — 10.000".

По точката 10 се додава нова точка 10-а, и гласи:

„10-а) ниска дивеч — 10.000".

Во точката 11 износот „150,00" се заменува со износот „8.000".

Во точката 12 износот „50.00" се заменува со износот „5.000".

Во точката 13 износот „0,70" се заменува со износот „100".

Во точката 14 износот „40,00" се заменува со износот „3.000".

По точката 14 се додава нова точка 15 која гласи:

„пчели-матици — 3.500".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1108/1
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**373.**

Врз основа на член 83 од Законот за Извршниот совет и став 4 на дел III од Програмата за штедење, супституција и рационално користење на сите видови енергија до 2000 година („Службен весник на СРМ" број 4/88), Извршниот совет донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА КОИ ВО 1989 ГОДИНА ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ ОД ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА ЗА СУФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ШТЕДЕЊЕ, РАЦИОНАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА СИТЕ ВИДОВИ НА ЕНЕРГИЈА И СУПСТИТУЦИЈА НА ТЕЧНИ ГОРИВА СО ДОМАШНИ ЕНЕРГАНТИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на средствата кои во 1989 година под услови и критериуми на Програмата за штедење, супституција и рацио-

нално користење на сите видови енергија до 2000 година ќе се обезбедат за суфинансирање на проектите за штедење, рационална потрошувачка на сите видови енергија и супституција на течни горива за домашни енерганти во организациите на здружен труд по следните извори и тоа:

| | | (во мил. динари) |
|---|---|---|
| 1. | Од основниот данок на промет на нафтени деривати | 6.200 |
| 2. | Од надоместокот за развој на рудниците за јаглен (50%) | 1.500 |
| 3. | Од средствата за изградба на електроенергетски објекти во СР Македонија (3%) | 1.291 |
| 4. | Од доходот на општественото стопанство во СРМ (0,5%) | 12.768 |
| | Вкупно: | 21.759 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1086/1
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**374.**

Врз основа на член 258 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 12/87, 50/87, 7/88, 51/88 и 7/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРИХОДИ ВО 1989 ГОДИНА

I

Средствата издвоени на посебната републичка сметка 40100-637-7000016 — Наменски средства за унапредување, организација и работа на органите за општествени приходи во општините и Републиката што ќе се остварат во 1989 година, во износ од 900.000.000 динари, ќе се користат од органите за општествени приходи за следниве намени и тоа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи на Општината Берово | 4.000.000 | дин. |
| 2. | За набавка на компјутерска опрема на општинската управа за приходи Битола | 70.000.000 | „ |
| 3. | За набавка на машини за пишување на Управата за приходи на општина Македонски Брод | 10.000.000 | „ |
| 4. | За набавка на дигитрони и машини за пишување на Управата за општествени приходи Виница | 4.000.000 | „ |
| 5. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Гевгелија | 70.000.000 | „ |
| 6. | За набавка на компјутерска опрема на Управата за општествени приходи Гостивар | 35.000.000 | „ |
| 7. | За набавка на машини за пишување и друга опрема на Управата за приходи Дебар | 3.000.000 | „ |
| 8. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Делчево | 30.000.000 | „ |
| 9. | За набавка на машини за пишување и за сметање на Управата за општествени приходи Демир Хисар | 25.000.000 | „ |
| 10. | За набавка на компјутер на Управата за општествени приходи Кавадарци | 50.000.000 | „ |
| 11. | За доплата на сметачки систем и за адаптација и опремување на просторот за негово сместување на Управата за приходи Кичево | 28.000.000 | „ |
| 12. | За набавка на компјутерска опрема на Управата за приходи Кочани | 30.000.000 | „ |
| 13. | За набавка на гештетнер и друга опрема на Управата за општествени приходи Кратово | 6.000.000 | „ |
| 14. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Крива Паланка | 4.000.000 | „ |
| 15. | За набавка на опрема на Управата за приходи Крушево | 25.000.000 | „ |
| 16. | За набавка на компјутер на Управата за приходи Куманово | 35.000.000 | „ |
| 17. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Неготино | 20.000.000 | „ |
| 18. | За поставување на терминалска и друга инсталација на Управата за приходи Охрид | 35.000.000 | „ |
| 19. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Прилеп | 60.000.000 | „ |
| 20. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Пробиштип | 5.000.000 | „ |
| 21. | За набавка на опрема на Одделението за општествени приходи Радовиш | 25.000.000 | „ |
| 22. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Ресен | 4.500.000 | „ |
| 23. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи на град Скопје | 120.000.000 | „ |
| 24. | За набавка на телефонска централа на Управата за општествени приходи Струга | 25.000.000 | „ |
| 25. | За набавка на опрема на Управата за општествени приходи Струмица | 40.000.000 | „ |
| 26. | За набавка на компјутерска опрема на Управата за општествени приходи Тетово | 70.000.000 | „ |
| 27. | За набавка на терминали на Управата за општествени приходи Т. Велес | 15.000.000 | „ |
| 28. | За набавка на компјутерска опрема на Управата за општествени приходи Штип | 50.000.000 | „ |
| 29. | За набавка на опрема на Републичката управа за приходи | 5.000.000 | „ |

II

Средства од оваа програма можат да се користат исклучиво за определената намена, а според соодветна документација.

Средствата од оваа Програма се даваат без обврска за враќање.

III

Републичкиот секретаријат за финансии ќе ја извршува оваа програма според динамиката на приливот на средствата.

IV

Стручните и административно-техничките работи за извршување на програмата ќе ги врши Републичкиот секретаријат за финансии.

V

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1114/1
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**375.**

Врз основа на член 25 од Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, („Службен весник на СРМ" бр. 18/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ВО СР МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат геолошките истражувања на минерални суровини во 1989 година, средствата за финансирање како и корисниците на тие средства.

II

Со оваа програма за геолошки истражувања на минерални суровини во СР Македонија во 1989 година, ќе се вршат истражувања на енергетски суровини, метали, неметали и други истражувања. За овие истражувања потребни се средства во вкупен износ од 6.392.500.000 динари.

III

Средствата за финансирање на геолошките истражувања на минерални суровини за 1989 година се утврдуваат во износ од 6.392.500.000 динари, а се обезбедуваат од:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата што Републиката ќе ги оствари од вишокот на приходи над расходите на Народната банка на Македонија за учество во финансирањето на Програмата за геолошки истражувања на минерални суровини | 2.185.500.000 дин. |
| 2. | Приходи од камати по кредити од средствата на ОПЗ што се водат кај Народната банка на Македонија | 4.207.000 000 дин. |
| | Вкупно: (1+2) | 6.392.500.000 „ |

IV

Корисници на средствата за финансирање на геолошките истражувања на минерални суровини во 1989 година можат да бидат општините, заинтересираните организации на здружен труд и научни организации.

V

Средствата за финансирање на геолошките истражувања на минерални суровини претставуваат основ за здружување на средствата на корисниците.

Учеството на средствата по оваа програма ќе зависи од степенот на истраженоста на минералните суровини, поширокиот интерес на Републиката и здружениот труд.

VI

Распоредот на средствата по одделни корисници ќе го врши Републичкиот комитет за индустрија и енергетика по претходно мислење од Стручната комисија за геолошки истражувања на минерални суровини.

VII

Оваа финансиска програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-715/1
18 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**376.**

## ОДЛУКА
## ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБАТА НА ЧЛЕН 10 СТАВ 2 ОД ЗАКОНОТ НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ, ВО ДЕЛОТ СО КОЈ Е УТВРДЕНО ДЕКА СВОЈСТВО НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈНОТО ДОМАЌИНСТВО НА НОСИТЕЛ НА СТАНАРСКО ПРАВО ИМААТ ВНУЦИТЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ

1. Со решението на Уставниот суд на Југославија У. бр. 192/88 и 202/88 од 1 јуни 1988 година, по повод иницијативата на Лазар Наковски, од Битола, и Иван Стоилковиќ, од Куманово, поведена е постапка за оценување на уставноста на одредбата на член 10 став 2 од Законот за станбените односи („Службен весник на СР Македонија" број 36/73, 14/75 и 27/86), во делот со кој е утврдено дека својство на член на семејното домаќинство на носител на станарско право имаат внуците без родители.

2. Со одредбата на член 10 став 1 од оспорениот закон е уредено како корисници на станот да се сметаат: носителот на станарското право, членовите на неговото семејно домаќинство што живеат заедно со него, како и лицата кои престанале да бидат членови на тоа домаќинство, а останале во истиот стан.

Со одредбата на член 10 став 2 од истиот закон е пропишано дека како членови на семејното домаќинство на носителот на станарско право се сметаат: брачниот другар, децата на носителот на станарското право и неговиот брачен другар, внучињата без родители, кои од своето раѓање живееле со носителот на станарското право, како и лицата што носителот на станарското право, според законот, е должен да ги издржува односно лицата кои, според законот, се должни да го издржуваат носителот на станарското право, а кои заедно со него трајно живеат.

3. Со основните начела на Уставот на СФРЈ (Оддел II) е утврдено дека неприкосновена основа на положбата и улогата на човекот претставува еднаквоста на правата, должностите и одговорностите, во согласност со уставноста и законитоста, а со одредбата на член 154 од Уставот на СФРЈ дека граѓаните се еднакви во правата и должностите без оглед на општествената положба и дека сите пред законот се еднакви.

Со одредбата на член 164 став 1 од Уставот на СФРЈ загарантирано му е на граѓанинот да стекнува станарско право на стан во општествена сопственост со кое му се обезбедува, под услови одредени со закон, трајно да го користи станот во општествена сопственост заради задоволување на личните и семејните станбени потреби.

Со Уставот на СФРЈ, значи, на граѓанинот му гарантира стекнување на станарско право на стан во општествена сопственост заради задоволување на личните и семејните станбени потреби, а според наведената одредба на Уставот на СФРЈ, републиките односно автономните покраини со закон ги определуваат условите за користење на стан.

Од тие одредби на Уставот на СФРЈ, според мислењето на Уставниот суд на Југославија, произлегува право на законодавецот да определува кои лица од кругот на сродниците на носителот на станарското право имаат својство на член на неговото семејно домаќинство, и кои, по основ на тоа својство, стекнуваат станарско право. Уставниот суд на Југославија, меѓутоа, смета дека законодавецот, уредувајќи кои сродници на носителот на станарското право имаат својство на член на неговото домаќинство, не може, определувајќи го тоа својство, да прави разлика меѓу лицата што се во ист степен на сродство, во исти услови во ист однос со носителот на станарското право го поглед на користењето на станот, така што на едни ќе им го признава, а на други нема да им го признава тоа својство. Поради тоа Уставниот суд на Југославија оцени дека единствено околноста што некои внучиња имаат родители не може да претставува причина тие да се стават во непо-

волна положба во однос на внучињата без родители, а притоа да се занемарува фактот дека тие трајно живеат и домуваат заедно со носителот на станарското право, како што е тоа утврдено со оспорената одредба од наведениот закон.

Тргнувајќи од изложеното, Уставниот суд на Југославија оцени дека одредбата на член 10 став 2 од Законот на СР Македонија за станбените односи, во делот со кој се определува дека, во смисла на тој закон, како членови на семејното домаќинство на носителот на станарското право се сметаат внучињата без родители а не и внучињата што имаат родители, а кои заедно со носителот на станарското право трајно живеат и домуваат, не е во согласност со Уставот на СФРЈ.

Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 35 и 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 5 април 1989 година, донесе

ОДЛУКА

1. Се утврдува дека одредбата на член 10 став 2 од Законот за станбените односи („Службен весник на СР Македонија", бр. 36/73, 14/75 и 27/86), во делот со кој е утврдено дека својство на член на семејното домаќинство на носителот на станарското право имаат внучињата без родители, е несогласен со Уставот на СФРЈ.

2. Одлуката да се достави до Собранието на СР Македонија кое е должно, врз основа на член 384 став 2 од Уставот на СФРЈ, да ја усогласи наведената одредба на Законот за станбените односи со Уставот на СФРЈ во рок од шест месеци од денот на доставувањето на одлуката.

3. Во смисла на член 395 од Уставот на СФРЈ, оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во „Службен весник на СР Македонија".

Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав: претседател на Уставниот суд на Југославија д-р Бранислав Ивановиќ, и судии: Хрвое Башиќ, Божидар Булатовиќ, Милован Бузациќ, м-р Крсте Чаловски, д-р Александар Фира, Омер Ибрахимовиќ, Димче Козаров, д-р Иван Кристан, Вељко Марковиќ, Радко Мочивник, Милосав Стиовиќ и Душан Штрбац.

У. бр. 192/88 и 202/88
5 април 1989 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
д-р **Бранислав Ивановиќ,** с. р.

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**164.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/85 и 7/88), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествени и услужни дејности на седницата одржана на 4 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование бр. 17-376/2 („Службен весник на СРМ" бр. 24/85, 28/85 и 37/85) членот 5 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од член 2 на оваа одлука претставува остварениот доход според годишните пресметки валоризиран со кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17, став 2 од Законот за данок на доход на организациите на здружениот труд, а основица за пресметување на придонесот од член 3 на оваа одлука претставува бруто личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 12-112/1
4 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Станоил Станоевски,** с. р.

**165.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/85 и 7/88), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествени и услужни дејности на седницата одржана на 4 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование бр. 17-376/2 („Службен весник на СРМ" бр. 24/85, 28/85 и 37/85) членот 5 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од член 2 на оваа одлука претставува остварениот доход според годишните пресметки валоризиран со кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17, став 2 од Законот за данок на доход на организациите на здружениот труд, а основица за пресметување на придонесот од член 3 на оваа одлука претставува бруто личниот доход.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 12-112/1
4 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Станоил Станоевски,** с. р.

**166.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86 и 7/88), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударство, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума, на седницата одржана на 4 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование („Службен весник на СРМ", бр. 24/85, 28/85 и 37/85), членот 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од член 2 на оваа одлука претставува остварениот доход според годишните пресметки валоризиран со кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, а согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 09-51/1
4 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Владан Златановиќ**, с. р.

**167.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86 и 7/88), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергија, електро индустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски, на седницата одржана на 4 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“, бр. 24/85, 28/85 и 37/85), членот 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од член 2 на оваа одлука претставува остварениот доход според годишните пресметки валоризиран со кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваао длука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 10-76/1
4 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Стојанчо Стојамновски**, с. р.

**168.**

Врз основа на член 200, став 1, од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86 и 7/88), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во земјоделство, шумарство, дрвна индустрија, индустрија на тутун и прехранбена индустрија, на седницата одржана на 5 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“, бр. 24/85, 28/85 и 37/85), членот 4 се менува и гласи:

„Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од член 2 на оваа одлука претставува остварениот доход според годишните пресметки валоризиран со кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 11-40/1
4 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Ефтим Анчев**, с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**169.**

Врз основа на член 161 став 1 точка 15 од Статутот на Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Собранието на Здружената СИЗ за здравствена заштита на град Скопје, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Стапката на придонесите за здравствена заштита на работниците се утврдува на 8,6% и тоа:

— 4,0% за задолжителните видови на здравствена заштита,

— 4,6% за здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата.

Член 2

Стапката на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува на 0,4%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година

Бр. 02-3639/4
27 април 1989 година
Скопје

Претседател,
прим. д-р **Ксенија Беговиќ-Груевска**, с. р

**170.**

Врз основа на член 161 став 1 точка 15 од Статутот на Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Собранието на Здружената СИЗ за здравствена заштита на град Скопје, на седницата одржана н 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 1

Височината на придонесите за здравствена заштита на земјоделците се утврдува:

— со стапка од 20% придонес од личен доход од земјоделска дејност и

— 30.000 динари придонес по личен доход на домаќинството на осигуреник месечно.

Член 2

Стапката за придонес од личен доход од земјоделска дејност за земјоделците што вршат земјоделска дејност во ридско планинските подрачја се утврдува на 10%.

Член 3

Средствата што ќе ги остварат од придонесот од член 1 од оваа одлука се распоредуваат.

— 67% за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита,

— 33% за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува Заедницата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила истиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-3639/5
27 април 1989 година
Скопје

Претседател,
прим. д-р **Ксенија Беговиќ-Груевска,** с. р.

**171.**

Врз основа на член 161 став 1 точка 15 од Статутот на Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, Собранието на Здружената СИЗ за здравствена заштита на град Скопје на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во височина од 20% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-3639/6
27 април 1989 година
Скопје

Претседател,
прим. д-р **Ксенија Беговиќ-Груевска,** с. р

**172.**

Врз основа на член 100 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85 и 50/87) Соборот на делегатите на корисниците на услуги и Соборот на делегатите на давателите на услуги на Собранието на Здружената самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на град Скопје, на одвоени седници одржани на 27 април 1989 година, донесоа

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА КОИ СО ЗАКОН НЕ СЕ УТВРДЕНИ ОСНОВИЦИ, КАКО И ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита на југословенските државјани вработени или упатени на работа во странство, невработените луѓе кои со личен труд вршат самостојна дејност во вид на занимање и на други категории корисници на кои основиците на придонесот за здравствена заштита не се утврдени со Закон, како и височината на придонесот за одделни категории корисници.

Член 2

За пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (во натамошниот текст: придонес) за југословенските државјани вработени или упатени на работа во странство и на кои странскиот носител на осигурување не им обезбедува здравствена заштита, се утврдуваат следните основици:

1. Просечниот месечен износ на чистиот личен доход што корисникот го остварил во последните три месеци од годината во која му престанало задолжителното осигурување и тоа за:

— лицата на работа кај југословенски претставништва и организации во странство,

— лица упатени во странство заради стручно усовршување,

— лицата упатени од организации на здружен труд за изведување на инвестициони работи во странство, кај странски деловен партнер.

2. Просечниот месечен износ на чистиот личен доход што корисникот го остварил во последните три месеци од годината во која заминал на работа во странство и тоа:

— лицата што врз основа на меѓународни спогодби стапиле во работен однос кај меѓународни и други организации,

— лицата што се на работа во странство кај организации во чие основање, управување и финансирање учествуваат југословенски организации (мешовити друштва и слично).

За лицата од точките 1 и 2 од овој член кои оствариле личен доход за два месеци во годината во која стапиле односно биле упатени на работа во странство како основица за пресметување на придонесот се зема просечниот исплатен личен доход за тие два месеци, а ако оствариле личен доход само за еден месец, основица претставува исплатениот личен доход за тој месец.

Основицата утврдена во точка 1 и 2 од овој член се зголемува (валоризира) во наредните пресметковни периоди во годината за процентот на порастот на личните доходи во стопанството на градот.

3. Загарантираниот чист личен доход за лицата вработени во домаќинство на југословенски државјани во работен однос во странство.

4. За членовите на потесното семејство на лицата вработени во странство на кои не им е обезбедена здравствена заштита од странскиот носител на осигурување, ако имаат постојано место на живеење или престој на подрачјето на Здружената градска заедница, височината на придонесот за здравствена заштита се утврдува од основицата што ја претставува просечниот месечен чист личен доход на подрачјето на Скопје во претходниот пресметковен период.

5. За југословенски државјани кои на подрачјето на градот се вработени во странски, дипломатски, конзуларни и стопански претставништва, странски и меѓународни мисии или во лична служба кај претставници кои уживаат дипломатски имунитет, основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита претставува исплатениот личен доход.

Вака утврдената основица не може да биде пониска од износот на основиците утврдени со колективен договор. Доколку ваков договор не е склучен, ќе се применуваат одредбите на членот 6 од оваа одлука.

Член 3

1. За странски државјани — студенти на Универзитетот во Скопје на кои не им е обезбедена здравствена заштита од страна на странскиот носител на осигурување, придонесот за здравствена заштита се утврдува во висина на динарската противвредност од 38 УСА долари месечно.

2. За странски државјани вработени во странски претставништва во Скопје придонесот за здравствена заштита се утврдува во висина на динарската противвредност од 75 УСА долари месечно.

Обврската за плаќање придонес од точката 1 и 2 на овој член стасува последниот ден од месецот, а за пресметување се применува динарската противвредност на УСА долари по званичниот курс на денот на плаќањето.

Член 4

Југословенските државјани корисници на пензии или инвалиднини од странски носител на осигурување, ако со меѓународен договор не е поинаку определено плаќаат придонес за здравствена заштита од основица што ја претставува просечниот личен доход на Скопје во претходниот пресметковен период.

Член 5

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита на лицата кои со личен труд вршат самостојна дејност во вид на занимање на кои основицата на придонесот за здравствена заштита не им е утврдена со Закон претставува остварениот личен доход што служи како основица за утврдување на данокот на личен доход.

Ако данокот на личен доход се утврдува во годишен паушален износ и тој паушален износ на данокот е понизок од загарантираниот личен доход во СРМ основица за пресметка на придонесот за здравствена заштита претставува гарантираниот личен доход.

Ако годишниот паушален износ на данокот е поголем од загарантираниот личен доход, нето основицата за пресметка на средствата за здравствена заштита претставува годишниот паушален износ на данокот.

Основицата за корисниците од став 1 на овој член не може да биде пониска и тоа:

1. за адвокати просечен чист личен доход на градот во претходниот пресметковен период зголемен за 250%;

2. за писателите, ликовните уметници на применетата уметност, сценските уметници, композиторите, признатите музички уметници изведувачи, музички соработници, сценаристи, режисери, секретари на режија, главни сниматели, сценографи, костимографи, филмски артисти, аниматори, на цртани и куклени филмови, организатори на филмско производство, помошници на режисери, асистенти на режисери, сниматели, филмски архитекти, сниматели на тон, монтажа, директори на филмот и водачи на снимања просечниот чист личен доход на градот во претходниот пресметковен период зголемен за 50%;

3. за асистент на снимателот, асистент на сценограф, маскер, шминкер, главен осветлител, асистент на тон, филмски фотограф, помошник на водач на снимање, асистент на монтажа, реквизитер, гардеробер, осветлител, сценски работник, филмски техничар, киноапаратер, помошник работник и други просечниот личен доход во стопанството во градот во претходниот пресметковен период зголемен за 20%;

4. загарантиран чист личен доход за продавачите на печат (колпортери) и за носачите на багаж на железничките станици членови на Здружението на носачите на железниците во Скопје;

5. за лицата што вршат определени верски функции, односно должности во рамките на верските заедници и органите на кои им припаѓаат односно на припадниците на православната, католичката, методистичката и евангелистичката црква како и исламската верска заедница, во зависност од школската подготовка и тоа:

— со висока школска подготовка просечниот чист личен доход на градот во претходниот пресметковен период зголемен за 30%,

— со виша школска подготовка просечниот чист личен доход на градот во претходниот пресметковен период зголемен за 20%,

— со средна школска подготовка — просечниот чист личен доход на градот во претходниот пресметковен период,

— со нижа школска подготовка — загарантираниот чист личен доход.

Член 6

Основицата за пресметување на придонесот за здравствена заштита на лицата вработени кај приватни работодавци ја чини договорениот износ на личниот доход, но не помалку од:

а) за неквалификуван работник или со I степен стручна подготовка загарантираниот личен доход,

б) за полуквалификуван работник или со II степен стручна подготовка загарантираниот личен доход, зголемен за 20%,

в) за квалификуваниот работник или со III степен стручна подготовка и работник со средна стручна подготовка или со IV степен стручна подготовка загарантираниот личен доход зголемен за 70%,

г) за висококвалификуван работник или со V степен стручна подготовка и работник со виша стручна подготовка или со VI степен стручна подготовка — загарантираниот личен доход зголемен за 120%,

д) за работници со висока стручна подготовка или со VII степен стручна подготовка загарантираниот личен доход зголемен за 200%,

ѓ) за домашните помошнички основицата ја сочинува договорениот износ на личниот доход, но не помалку од загарантираниот чист личен доход.

Член 7

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита за лицата на школување, стручно усовршување односно постдипломски студии кои поради тоа го раскинале работниот однос и за лицата кои работната организација пред засновање на работниот однос со нив ги упатиле како свои стипендисти на практична работа во други организации заради стручно оспособување, се утврдува во височината на месечниот нето износ на стипендијата.

Член 8

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за вработени лица за време на користење на неплатено отсуство се утврдува во височина на аконтација на личниот доход во нето износ остварена во месецот пред почетокот на користењето на неплатеното отсуство, односно надоместок на личниот доход за месецот кој претходи на месецот во кој е започнато користењето на неплатеното отсуство.

Член 9

Височината на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита и здравствена заштита што самостојно ја утврдува Здружената градска заедница се утврдува во паушален месечен износ и тоа 5000 динари за:

— лицата кои учествуваат во младински работни акции, а кои по прописите за инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност,

— лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат шест часа дневно,

— лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука и логорување,

— лицата припадници на територијалните единици, припадниците за цивилна заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана,

— уживатели на постојана државна помош.

Член 10

Височината на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува во паушален месечен износ од 1000 динари и тоа:

— за учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата,

— за лицата кои работат помалку од половина од полното работно време,

— за припадниците на доброволните организации на противпожарна заштита.

Член 11

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на основици за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита на корисниците на здравствена заштита за кои со закон не се утврдени основици, како и за височината на придонесот за одделни категории корисници за здравствена заштита за 1989 година, бр. 02-13216/16 од 20. XII. 1988 година.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-3639/7
27 април 1989 година
Скопје

Претседател,
прим. д-р **Ксенија Беговиќ-Груевска**, с. р

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**173.**

Врз основа на член 35 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на град Скопје, Собранието на СИЗ на културата на град Скопје, на седницата одржана на 18 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје, за 1989 година.

Член 2

Во член 2, став 1 алинеја 1 и 2 се менуваат стапките на придонесот од доходот на ОЗТ од 1% на 1,20% и на придонесот од личен доход од работен однос од 1,40% на 2% и ставот ќе гласи:

„Приходите на СИЗ на културата на град Скопје ќе се остваруваат од следните извори:

— од доходот на ОЗТ 1,20%;
— од личен доход од работен однос 2,00%;
— од личен доход од земјоделска дејност 0,35%;
— од личен доход од самостојно вршење стопанска и нестопанска дејност 2,50%".

Член 3

Основица за пресметување на придонесот од доходот претставува остварениот доход.

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката според член 17 став 2 од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд.

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личен доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данок на граѓаните.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, односно по објавувањето во „Службен весник на СРМ" и „Службен гласник на град Скопје", а ќе се применува од 1 мај 1989 година.

Бр. 03-322/1
19 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Киро Дојчиновски**, с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**174.**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 15, став 12 од Самоуправната спогодба за здружување во Здружена СИЗ за социјална заштита на град Скопје, Извршниот одбор на Собранието на Здружената СИЗ за социјална заштита на град Скопје, на вонредната седница одржана на 16 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРУЖЕНАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружен труд, на придонесот од личен доход од работен однос, придонес од вршење земјоделска дејност и придонес од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, за обезбедување средства на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје.

2. Обврзници на придонесот од доходот за социјална заштита се основните организациии на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

3. Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17, став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд.

4. Обврзниците од точка 2 на оваа одлука придонесот од доходот го плаќаат по стапка од 0,25%.

5. Работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците и вработените кај обврзниците од областа на дејностите од 01 до 11, плаќаат придонес за Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје од личен доход од работен однос по стапка од 0,85%.

Организациите на здружен труд од основното, средното насочено образование, ученичките и студентските домови и од социјалната заштита ќе уплатат придонес во висина од 50%, а организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите на здружениот труд што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од општата стапка на придонесот од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат организациите на здружен труд и другите корисници на општествените средства, утврдени во став 1 на оваа точка.

6. Обврзниците на придонесот од вршење земјоделска дејност, придонесот го плаќаат по стапка од 0,14%.

7. Обврзниците на придонесот од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, придонесот го плаќаат по стапка од 1%.

8. Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на Здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на стапките на придонесите на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 13/89).

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-258
16 мај 1989 година
Скопје

Претседател,
**Ристе Стефановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КАВАДАРЦИ

**175.**

Врз основа на член 161 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, Програмата за мерки и економска политика во 1989 година и Предлог — Законот за изменување и дополнување на Законот за данок од доход од ООЗТ, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Работните луѓе во ОЗТ и граѓаните кои се занимаваат со самостојна стопанска и нестопанска дејност во 1989 година, ќе ги издвојуваат следните придонеси за финансирање на здравството и здравственото осигурување:

1. ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството (дејностите од 01 до 14), ќе издвојуваат 9% од бруто личниот доход;

2. Граѓаните кои остваруваат личен доход од обавување на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат по остварен доход, ќе издвојуваат 9,50% од утврдената даночна основица за 1988 година која може да биде пониска од просечно исплатениот бруто личен доход во СРМ во 1988 година.

Во текот на 1989 година обврзниците од став 1 на оваа точка ќе плаќаат аконтација од 9,5% од утврдената основица за пресметување на придонесот за здравствена заштита утврден за 1988 година, ревалоризирана секој месец според стапката на порастот на цените на мало, која се објавува во „Службен лист на СФРЈ“.

3. Граѓаните кои остваруваат личен доход од обавување на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат во паушален износ, ќе ги плаќаат следните придонеси:

— граѓаните кои се занимаваат со самостојни стопански и нестопански дејности, кои со Одлуката на Собранието на општината се прогласени за дефицитарни и на одумирање, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основицата минимален личен доход остварен во претходната 1988 година во бруто износ во СРМ;

— останатите паушалисти ќе плаќаат придонес по стапка 9,50% на основица просечен бруто личен доход остварен во стопанството на општината во претходната 1988 година;

4. Лицата кои примаат материјално обезбедување преку Заедницата за вработување, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,5%.

Член 2

Придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести на работниците од областа на стопанството и нестопанството за 1989 година се пресметува по стапка 0,50% од остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот претставува остварениот доход валоризиран со процент на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката, согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на ОЗТ.

ОЗТ кои не пресметуваат доход, придонесот од доход ќе го пресметуваат по стапка од 0,5% од бруто личен доход.

Во поглед на роковите и начинот на пресметување, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 3

Се овластува Претседателот на Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кавадарци помеѓу две седници на Собранието да донесе Одлука за измена и дополнување на оваа одлука, со цел истата да се зголеми или намали за да се обезбеди нормално финансирање на здравството, а на првата наредна седница да ја достави истата на потврдување.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците за 1989 година бр. 0201-680/6 од 22 декември 1988 година објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 2/1989 година.

Бр. 0201-68
12 мај 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — КАВАДАРЦИ

**176.**

Врз основа на член 20 од Законот за СИЗ на културата и членовите 22 и 23 од Статутот на ОСИЗ на културата — Кавадарци, Собранието на заедницата, на седницата одржана на 9 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА КУЛТУРАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружен труд и на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Општинската самоуправна интересна заедница на културата

Член 2

Обврзници на придонесот од доход за култура се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен

лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80) во областа на дејностите од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областа на дејностите од 12 до 14.

Член 3

Основица за пресметување на придонесот од доход на ОЗТ претставува остварениот доход.

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доход претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката (член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на ОЗТ)

Член 4

Обврзниците од членот 2 став 1 од оваа одлука придонесот од доход ќе го плаќаат по стапка од 0,40%.

Обврзниците од членот 2 став 2 на оваа одлука придонесот од личен доход го плаќаат по стапка од 2,60%.

Организациите од областа на културата, техничката култура и информативната дејност се ослободуваат од плаќање придонес за култура на исплатените бруто лични доходи.

ОЗТ од основното образование и воспитување, средното насочено образование, детската заштита, органите на управата и организациите што се финансираат од буџетот на општината ќе уплатат придонес во висина од 50% од општата стапка на придонесот од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат ОЗТ и другите корисници на општествените средства утврдени во став 2 на овој член.

Член 5

Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на:

— земјоделска дејност ќе плаќаат придонес за култура по стапка од 2% на катастарскиот доход;

— самостојна стопанска дејност ќе плаќаат придонес за култура по стапка од 3% на остварениот доход.

Член 6

Во поглед на роковите и начинот на пресметување, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доход, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данок од доход на ОЗТ, а за придонесот од личен доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонеси за ОСИЗ на културата, бр. 03-19 од 17 март 1989 година

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-26
15 мај 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Родна Тасева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — КАВАДАРЦИ

**177.**

Врз основа на член 27 од Законот за СИЗ на физичка култура и член 21 точка 5 од Статутот на ОСИЗ на физичката култура — Кавадарци, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 12 мај 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доход на ОЗТ и на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на ОСИЗ на физичката култура.

Член 2

Обврзници за придонесот од доходот во физичката култура се ОЗТ и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/77 и 18/80), во областа на дејностите од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областите на дејностите од 12 до 14.

Член 3

Основицата за пресметување на придонес од доход на ОЗТ претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доход претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката (член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на ОЗТ).

Член 4

Обврзниците од членот 2 став 1 од оваа одлука придонесот од доход ќе го плаќаат по стапка од 0,10%.

Обврзниците од членот 2 став 2 на оваа одлука придонесот од личен доход ќе го плаќаат по стапка од 0,80%.

ОЗТ од основното образование и воспитување, средното насочено образование, детската заштита, органите на управата и организациите што се финансираат од буџетот на општината ќе уплатат придонес во висина од 50% од општата стапка од личниот доход од работен однос што ја уплатуваат ОЗТ и другите корисници на општествените средства утврдени во став 2 на овој член.

Член 5

Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на:

— земјоделска дејност ќе плаќаат придонес за физичката култура по стапка од 0,70% на катастарскиот доход.

Член 6

Во поглед на роковите и начинот на пресметување, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонес од доход, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данок од доход на ОЗТ, а за придонес од личен доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонеси за ОСИЗ на физичката култура, бр. 03-21 од 15 март 1989 година.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-29
15 мај 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Данчо Голчев,** с. р.

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје покрената е процесна постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Сезаи Али Рамиз, чие сегашно презиме е Цезар Романос, против тужената Зекија Али Рамиз, родена Мекиќ.

На тужената Зекија Али Рамиз, сега со непознато живеалиште, за привремен застапник ѝ се одредува адвокатот Владимир Стефановски, а истовремено се известува дека овој застапник ќе ја застапува во постапката се додека тужената или нејзиниот полномошник не се јават пред судот, односно додека органот на старателство не го извести судот дека на тужената ѝ е поставен старател.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, VI П. бр. 786/89.

## СОДРЖИНА

Страна

355. Закон за одгледување на кози — — — 377
356. Закон за изменување и дополнување на Законот за избор на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — 378
357. Закон за изменување на Законот за станбени односи — — — — — — — 378
358. Одлука за помилување на осудени лица 379
359. Одлука да се пристапи кон измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 379
360. Заклучоци на Собранието на СРМ, бр. 08-1874 од 17 мај 1989 година — — — 379
361. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност — — — — — — — — — 380
362. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — — 380
363. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — — 380
364. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — — 380
365. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за измени на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — — 381
366. Одлука за усвојување на Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија — — — — — — 381
367. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — — — — 381
368. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување директор на Вишата земјоделска школа во Струмица — — — — — 381
369. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување декан на Градежниот факултет во Скопје — — — — — — — — 381
370. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување декан на Економскиот факултет во Прилеп — — — — — — — 382
371. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за туризам и угостителство — Охрид — — — 382
372. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи — — — — — 382
373. Одлука за утврдување на висината на средствата кои во 1989 година ќе се обезбедат од изворите на средства за суфинансирање на Програмата за штедење, рационална потрошувачка на сите видови на енергија и супституција на течни горива со домашни енерганти — — — — — — 382
374. Програма за користење на средствата за унапредување, организација и работа на органите за општествени приходи во 1989 година — — — — — — — — — — 383
375. Програма за геолошки истражувања на материјални суровини во СР Македонија во 1989 година — — — — — — — 384
376. Одлука на Уставниот суд на Југославија, У. бр. 192/88 и 202/88 од 5 април 1989 година — — — — — — — — — 384

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

164. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 385
165. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 385
166. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 385
167. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 386
168. Одлука за дополнување на Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — — — 386
169. Одлука за утврдување на височината на стапката на придонесите за здравствена заштита на работниците — — — — — 386
170. Одлука за утврдување на височината на придонесите за здравствена заштита на земјоделците — — — — — — — 386
171. Одлука за височината на стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство — — — 387
172. Одлука за утврдување основици за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита на корисниците на здравствена заштита за кои со закон не се утврдени основици, како и за височината на придонесот за одделни категории корисници на здравствена заштита за 1989 година — — — — — — — — — 387
173. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за обезбедување средства од доходот и од личните доходи на работниците за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје за 1989 година — — 389
174. Одлука за утврдување висината на придонесите на Здружената самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје — — — — — — — — 389
175. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците за 1989 година — — — — — 390
176. Одлука за утврдување на стапките на придонеси за финансирање на културата за 1989 година — — — — — — — — 390
177. Одлука за утврдување висината на стапките на придонеси за финансирање на физичката култура во 1989 година — — — 391

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**